Аркизски знак:.
jhenja arK}чore:
Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
Потпис
Nënshkrimi
20 година
viti
i ruajtjes:
Потлис
N&nshRrimi
20 година
viti

...РНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
...О ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
...RMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
СКОПЈЕ - SHKUP
02-12-2022

| ... един. ... org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlera |
| --- | --- | --- | --- |
| 02 | 12122/1 | | |

до

Јавно претпријатие за државни патишта

1000 Скопје, ул. Даме Груев бр. 14

Предмет: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Вчера отидов во Јавно претпријатие за државни патишта со цел да предадам еден поднесок. MefYToa, наидов на еден неочекуван проблем. Прво, на самиот влез во објектот. Службеното лице на пријавницата ми укажа дека сум задоцнил: поминато е 15 часот, а архивата на ЈП за државни патишта со странки работи само до 15 часот. Го замолив да ме пушти да одам до горе и самиот да се уверам во тоа. Кога стигнав во Архивата, вработените во таа просторија ми го кажаа истото. Ме упатија да погледам на информацијата што е закачена пред влезот во просторијата: таму пишува дека Архивата работи со странки од 9 до 15 часот.

Бидејки на веб-страната не можам да најдам никаква информација за работното време на ЈП за државни патишта, ве молам да ми доставите фотокопија од следниве 2 акти:

1-Актот со кој е одредено работното време на ЈП за државни патишта;

2-Доколку во актот под 1 не е наведено дека Архивата на ЈП за државни патишта работи со странки само од 9 до 15 часот и доколку постои посебен акт со кој е предвидено дека работното време на Архивата е од 9 до 15 часот, ве молам да ми доставите фото-копија од тој акт.

Со напомена дека ова мое барање е базирано на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Скопје, 02.12.2022 г.